23.12.2025

ГЖ-2509/24

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите Афрдита Шеху Асани, претседател на советот, м-р Софија Миленкова и д-р Оља ристова, членови на советот, во правната работа по предлогот за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основен суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година поднесен од туженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како предлагач, во постапката по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, основ надомест на штета, вредност на спорот 1.915.458,00 евра, решавајќи по жалбата на противникот - тужителот изјавена преку полномошникот Ненад Јаниќевиќ, адвокат од Скопје, против решението на Основен суд Штип ППОВ-2/24 од 28.05.2024 година, на нејавната седница одржана на 25.11.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на противникот - тужителот, СЕ УВАЖУВА.

РЕШЕНИЕТО на Основен суд Штип ППОВ-2/24 од 28.05.2024 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА и ОДЛУЧУВА:

Предлогот поднесен од туженият - предлагач Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда на Апелационен суд Штип ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година, како и барањето за трошоци, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият - предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип да му надомести на тужителот - противникот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, трошоци во постапката по предлог за повторување на постапка, во вкупен износ од 509.972,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на ова решение.

Поголемото барање на туженият - противникот за надомест на трошоци по постапката и тоа за разликата од побараниот до досудениот износ, како и барањето на туженият - предлагачот за надомест на трошоци за одговор на жалба, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Штип со обжаленото решение го усвоил предлогот поднесен од туженият - предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда на Апелационен суд Штип Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година. Дозволил повторување на постапката П4.бр.78/15 водена пред Основен суд Штип по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговски друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз - извоз Штип, основ надомест на штета, вредност 1.915.458,00 евра и ја укинал пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, правосилна на

03.06.2021 година и пресуда на Апелационен суд Штип Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година.

Незадоволен од ваквото решение противникот - тужителот изјави жалба преку неговиот полномошник поради погрешна примена на материјалното - процесно право, со предлог жалбата да се уважи, а решението да се преиначи во смисла на жалбените наводи и да се задолжи предлагачот со трошоци по постапката.

Одговор на жалбата поднесе предлагачот преку полномошникот Гоце Цоневски, адвокат од Скопје, со кој се побиваат жалбените наводи и се предлага жалбата да се одбие како неоснована, решението да се потврди, како и да се досудат трошоци за поднесениот одговор на жалба.

Апелациониот суд Скопје по разгледување и оценка на жалбата, одговорот на жалба, обжалената решение и сите списи во предметот, најде:

Жалбата е основана.

Во смисла на чл.354 ст.1 од ЗПП, овој суд испитувајќи го обжалената решение во границите на жалбените причини, а внимавајќи по службена должност на сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 т.1, 2, 3, 5, 10, 11, 13, 14 и 15 од ЗПП најде дека со донесувањето на решението не е сторена ниту една од суштествените повреди на кои овој суд внимава по службена должност.

Во конкретниот случај првостепениот суд го усвоил предлогот за повторување на постапката со образложение дека доказот наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења и предложен од страна на туженият како нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП, бил предложен во рок од 30 дена од денот кога туженият стекнал можност да му го предложи на судот. Во таа насока судот утврдил дека дозволениот и навременият предлог за повторување на постапката поднесен од туженият е основан од причини што во предложениот нов доказ - наод и мислење од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења биле утврдени околности кои би можеле да доведат до поинакво утврдување на фактичката состојба, поповолна за туженият - сега предлагачот, имајќи го во предвид конкретниот спорен однос помеѓу странките и фактичкиот и правен основ за кој била зведена и правосилно завршена парница пред првостепениот суд.

Имено, првостепениот суд во текот на постапката од увидот во списите во предмтот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип утврдил дека пред судот била поведена постапка по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација со живеалиште во Германија, против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговски друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз - извоз Штип, основ надомест на штета, вредност 1.915.458,00 евра. Со пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година, Основниот суд Штип тужбеното барање го усвоил и ги задолжил тужените на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата и трошоци во постапката. Незадоволни од пресудата тужените поднеле жалба. Со решение Гж.бр.535/15 од 13.10.2015 година на Апелационен суд Штип, жалбата била усвоена, а пресудта укината и предметот бил вратен на првостепениот суд на повторно судење. Во повторното судење Основниот суд Штип со пресуда П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година повторно го усвоил тужбеното барање на тужителот и донел одлука како претходно, а незадоволни од наведената пресуда

тужените повторно поднеле жалба. Со пресуда Гж.бр.380/16 од 23.12.2016 година на Апелационен суд Штип, судот ја усвоил жалбата на тужените, ја преиначил пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година и го одбил како неосново тужбеното барање на тужителот. Незадоволен од второстепената пресуда Гж.бр.380/16 од 23.12.2016 година тужителот поднел ревизија до Врходниот суд на РСМ. Со решение РЕВ 2 бр.180/2017 Врховниот суд на РСМ ја усвоил ревизијата, ја укинал пресудата на Апелациониот суд Штип Гж.бр.380/16 од 23.12.2016 година и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторно одлучување Апелациониот суд Штип со пресуда Гж.бр.179/19 од 09.07.2019 година ја уважил жалбата на тужените, ја преиначил пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година и го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот. Незадоволен од второстепената пресуда Гж.бр.179/19 од 09.07.2019 година тужителот повторно поднел ревизија до Врходвниот суд на РСМ. Постапувајќи по поднесената ревизија од тужителот Врходвниот суд на РСМ со решение РЕВ 2 бр.463/2019 од 27.01.2021 година ја усвоил ревизијата, ја укинал второстепената пресудата и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторно одлучување Апелациониот суд Штип со пресуда Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година жалбата на тужените ја одбил како неоснована и ја потврдил пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип.

Пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип е правосилна на 03.06.2021 година, па имајќи во предвид дека предлогот за повторување на постапката бил поднесена од туженият ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како странка во постапката која не успеала во спорот, судот утврдил дека предлогот за повторување на постапката е дозволен.

Од увид во списте во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип се утврдило дека доказот вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Биро за судски вештачења, а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13 година за првпат бил доставен и приложен од страна на туженият со писмен поднесок до Апелационен суд Штип на 26.08.2015 година со образложение дека доказот го имаат добиено после донесување на првостепената пресуда, односно по поднесување на жалбата од тужените, а во смисла на чл.284 од ЗПП и истиот да се цени во жалбена постапка. Во прилог на овој писмен поднесок доставен бил и прилог - писмен поднесок насловен како барање од Ристе Љуботенски преку неговиот полномошник до ОЈО Штип заведен пред ОЈО Штип под бр.ОНД од 20.08.2015 година. Во барањето било наведено дека против осомниченият Ристе Љуботенски има поведена постапка под КО.бр.255/12 за кривично дело од чл.353 ст.4, чл.378 ст.1 и чл.247 ст.4 од КЗ. Во барањето било наведено дека во текот на постапката по барање на ОЈО Штип е извршено вештачење од Бирото за судски вештачења, па имајќи во предвид дека осоминченият нема никакво известување за исходот на вештачењето, истиот бара да биде известен дали е завршено вештачењето, дали е доставен вештиот наод и мислење од вештото лице и доколку е изготвено и доставено овој вешт наод и мислење од Бирото за судски вештачења да бидат доставени до осмниченият или неговиот полномошник. Имајќи во предвид дека вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 бил изработен од страна на Бирото за судски вештачења, а по наредба на ОЈО Штип на ден 09.07.2015 година, а истиот доказ бил доставен на осомниченият Ристе Љуботенски како содружник на туженият подоцна на 20.08.2015 година, судот утврдил дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 врз основа на кој сега туженият бара повторување на постапката е поднесен во рок од 30 дена од денот кога можел да му го приложи на судот во предметната постапка. Доказот при повторното судење од страна на првостепениот суд со решение не бил одбиен да се изведува како доказ, ниту пак од сруга страна е ценет и

изведен како доказ, ниту пак бил ценет во доказна постапка. Овој доказ за првпат бил споменат со пресуда Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип каде што судот навел дека наодот и мислењето не е прифатен како доказ, бидејќи не бил доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП.

Од увидот во предложениот доказ, а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13, судот утврдил дека со ова вештачење се утврдени фактите и околности поврзани по однос на склучениот договор за деловно техничка и финасиска соработка помеѓу тужителот и Ристе Љуботенски, односно дали е испочитувана обврска за вложување - инвестирање во опрема, средства и капитал, во кој обем и на кој начин е направено сето тоа од сега тужителот, факти и околности по однос на деловната соработка на друштвата сега тужените со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во периодот сметано од 2003 до 2008 година, на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на оваа фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво и врз основа на кое задолжување - фактури, со посебен осврт на доставеното известување Соопштение од ПИМ БУГАРИЈА. Во овој вешт наод и мислење била констатирана фактичката состојба и врз основа на истата бил даден наод и мислење со кое е утврдено дека во однос на начинот за набавка на опрема доставени се фактури и увозни царински декларации, а во однос на извршените плаќања за набавка на опрема, според книговодствената евиденција на Имако Штип биле извршени плаќања кои ПИМ Бугарија во вкупен износ од 61.154.197,00 денари и Дела Тофола Италија во вкупен износ од 16.573.976,00 денари, а плаќање за набавка на опрема од Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип кон ПИМ Бугарија нема евидентирано во аналитичко конто за овој добавувач и нема евидентирано плаќање за добавувач Дела Тофола Италија. Во наодот и мислење било констатирано дека според книговодствената евиденција на Имако Штип вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000,00 евра. Во вештиот наод и мислење било утврдено дека доставените дописи од ПИМ Бугарија не преставуваат финасики докази за плаќаање. Во наодот и мислењето било наведено дека во однос на плаќањето на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин на вештачењето биле побарани банкарски изводи за извршени плаќања. Таква документација не била доставена на увид. Плаќањето за фактурите било извршено од страна на девизни сметки на Имако Штип. Било утврдено дека дописите доставени од Дела Тофоло до Владислав Втулкин и до Имако Штип не се релевантен доказ од кој може да се констатриа плаќање.

Од увид во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип се утврдило дека во пресудата Пр.бр.78/15 од 18.01.2016 година потврдена со пресуда ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Шти, во фактичката состојба судот ги утврдил фактите на околноста дека законскиот застапник на второтуженит Ристе Љуботенски и тужителот како стопанственик од Москва на 13.11.2004 година склучиле договор за деловно техничка и финасика соработка. Судот утврдил дека тужителот .платил на италијанската компанија 508.712,00 евра за опрема и машина и дека тие биле испорачани и оставени кај Имако вино во Македонија. Утвдил дека тужителот вршел плаќање и преку Бугарска фирма ПИМ Бугарија во износ од 683.341,00 евра од каде била купена опрема од тужителот за туженит како фирма во сопственост на договорачот Ристе Љуботенски. Судот утврдил дека плаќањата тужителот ги извршил со негови сопствени средства и дека како резултат на вложувањата на тужителот финасиската состојба на тужените се подобрила и тие станале успешни друштва. Вложувањата во машини и опрема за производство на тужените било констатирано од извештајот за констатирана состојба на економско правното биро компанија Н.М Скопје од 10.10.2013 година каде

што биле констатирани вкупните вложувања опрема за производство на вино и дека тие биле платени од страна на тужителот во вкупен износ од 1.915.158,00 евра. Понатаму првостепениот суд утврдил дека Ристе Љуботенски како договарач во договорот за деловно техничка соработка од 2004 година наместо да постапи по договор и да го исполни својот дел од обврската од тој договор изготвил документација според која тужителот пристапува со 49 % од вкупниот основачки влог. Утврдил дека тужителот во повеќе наврати барал да му бидат доставени извештаи за потрошени средства, но никогаш не добил и на крајот ја поднел тужбата за да си го врати она што вложил кај тужените. Како причини од кои се раководеле Основниот суд Штип и Апелациониот суд Штип при одлучувањето и донесувањето на пресудите се околностите дека тужените во извршувањето на своите обврски не постапувале со внимание кое се барало во правниот промет и не го почитувале договорот склучен помеѓу нивниот основач и сопственик Ристе Љуботенски и тужителот, односно околноста дека тужителот вложил средства кај тужените, а за возраст не добил ништо и поради тоа тужените имаат обврска да му го платат дадениот износ.

Имајќи ги во предвид погоре утврдените околнсти, првостепениот суд оценил дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13, преставува нов доказ согласно чл.393 ст.1 т.9 од ЗПП од причини што туженият без своја вина не можел овој доказ да го изнесе пред судот во ситуација кога туженият сега како предлагач дознал и се стекнал со можност да му го изнзесе на судот овој доказ после заклучувањето на главната расправа, односно по изготвување на првата донесена првостепена пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, а со изјавената жалба, односно во фаза на постапката кога согласно пропишаното во чл.341 од ЗПП не може да се предлага нови докзи. Од друга страна овој доказ при повторното постапување и судење од страна на првостепениот суд со решение не било одбиено да се изведува како доказ, ниту пак од друга страна бил ценет и изведен како доказ во доказната постапка, а за прв пат бил споменат во пресудата Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година на Апелационе суд Штип каде што судот навел дека наодот и мислењето од 09.07.2015 година не е прифатен како доказ, бидејќи не бил доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП. Првостепениот суд сметал дека доказот не бил изготвен по барања на странките во постапката поради што туженият ниту имал можност да го достави со одговор на тужбата, а согласно чл.235 од ЗПП. Овој дказ бил изготвен за потребите на кривична постапка, туженият овој доказ како доказно средство без своја вина не можел да го предложи, односно изнесе пред судот пред заклучување на главната расправа, па имајќи во предвид дека со жалба не можат да се предлагаат нови докази, а првостепениот суд по овој доказ воопшто не расправал, односно ниту го одбил, ниту го извел во доказна постапка како доказно средство, а второстепениот суд само констатирал дека не е прифатен како доказ, бидејќи не е доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП, судот оценил дека доказот преставува нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП, како доказно средство од кое може да се стекне уверение, односно тврдење за некој факт дека е вистинито.

На вака утврденото судот донел одлука како во изреката на обжаленото решение со кое предлогот поднесен од предлгачот за повторување на правосилно завршената постапка го усвоил.

Меѓутоа, по оценка на овој суд, а како основано се укажува во изјавената жалба, со ваквото постапување првостепениот суд погрешно го применил материјалното,

односно процесното право, поради кои причини и овој суд оцени дека жалбата е основана.

Имено, овој суд оценува дека фактите предложени во предлогот за повторување на постапката, а врз основа на кои туженият го заснова предлогот за повторување на постапката соласно чл.392 ст.1 т.5 и 9, биле факти кои туженият ги истакнувал во текот на поранешната постапка и истите биле предмет на оценка од страна на судот во таа постапка. Доказите кои туженият ги приложува како нови докази и врз основа на кои го темели предлогот за повторување на постапката согласно списите во предметот произлегува дека се прибавени по барање на туженият и врз основа на приложена документација од туженият, што пак води кон фактот дека истите му биле познати на туженият и за времетраење на поранешната постапка чие повторување се бара. Оттука, овој суд е на стојалиште дека туженият имал можност да ги изнесе таквите факти во таа постапка пред истата да биде правосилно завршена и тоа во време пред да престанало правото на изнесување нови факти во постапката чие повторување се бара со поднесениот предлог. Ова во насока на чл.7 од ЗПП согласно кој странките се должни да ги изнесат сите факти врз кои ги засноваат своите барања и да предложат докази со кои се утврдуваат тиие факти.

По оценка на овој суд е дека во конкретниот случај на туженият му биле познати фактите кои во предлогот ги наведува како нови факти и во времетраење на поранешната постапка, па оттука произлегува дека небрежноста на туженият во пронаоѓање на сите докази за поткрепа на фактите единствено може да оди на негова штета поради непридржување на содржината на наведената одредба од чл.7 од ЗПП. Ова дотолку повеќе што туженият во поранешната постапка не бил спречен да предложи доказ - вешт наод и мислење согласно одредбата од чл.235 од ЗПП, со содржина како она кое го доставува со предлогот од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје и од Биро за судски вештачења со прилог документи врз основа на кои се темелат и самите вештачења, имајќи го предвид фактот дека истите биле изготвени врз основа на документација со која располагал туженият.

Согласно изнесеното и околностите дека укажувањата дадени во предлогот за повторување на постапката како нови факти, а за кои овој суд оценува дека му биле познати на туженият и во поранешната постапка и истиот имал можност и во таа постапка да ги предложи за да се потврдат фактите на кои алудира туженият, а дотолку повеќе што доказот вешт наод и мислење изработен од Биро за судски вештачења бил доставен во жалбена постапка и истиот не бил прифатен, односно бил употребен без успех во поранешната постапка, овој суд оценува дека во конкретниот случај не се исполнети условите за повторување на постапката од чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП. Ова со оглед на фактот дека повторување на постапката може да се дозволи единствено ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена правосилно, што не е случај во конкретниот спор.

Напред наведеното и во насока на фактот дека новите факти врз основа на кои во смисла на чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП може да се бара повторување на правосилно завршена постапка, треба да настанале во време додека во постапката чие повторување се бара нивното изнесување не било возможно, односно новите докази да се однесуваат на факти кои настанале во време пред да престанало правото на изнесување на нови факти и докази во постапката чие повторување се бара. Оттука овој суд оценува дека во конкретниот случај предложениот доказ не претставува нов доказ во смисла на наведената одредба, па со оглед на фактот дека овој доказ не опстојувал во времето на

пресудување, а од друга страна правосилната пресуда на поранешната постапка не се заснова на надомест на штета причинета со дејствија како елементи на кривично дело поради кое била покренатa кривичната постапка, односно поднесена кривична пријава.

Во конкретниот случај не се исполнети ниту условите од чл.392 ст.1 т.5 од ЗПП бидејќи во текот на постапката тужениот како педлагач не доставил правосилна пресуда во кривична постапка или друг доказ од кој со сигурснот се докажува дека извештајот за констатирана состојба од економско правно биро Компанија НМ е исправа во која е заверена невистинита содржина.

Имајќи го предвид изнесеното следуваже жалбата на противникот - тужителот да се усвои, а првостепеното решение да се преиначи во смисла на чл.370 ст.1 т.3 од ЗПП.

Согласно чл.160 ст.2 од ЗПП, кога судот ќе ја преиначи одлуката против која е поднесен правен лек, ќе одлучи за трошоците на целата постапка. Имајќи ја предвид вредноста на предметот на спорот, овој суд одлуката за трошоци ја донесе раководејќи се од чл.148 и 149 од ЗПП, Законот за судските такси и Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите. Врз таа основа на противникот му следува вкупен паричен износ на трошоци од 509.972,00 денари, од кои: за состав на одговор на приговор со засметан 18% ДДВ и зголемување од 100% за тужителот како странец, износ од 55.224,00 денари; за состав на жалба против решение од 21.10.2021 година со засметан 18% ДДВ и зголемување од 100% за тужителот како странец износ од 82.836,00 денари; за судска такса за жалба износ од 12.000,00 денари; за присуство и застапување на 4 рочишта, износ од по 66.269,00 денари што претставува износ со засметан 18% ДДВ и зголемување од 100% за тужителот како странец, односно вкупно за застапување 265.076,00 денари; за состав на предметната жалба со засметан 18% ДДВ и зголемување од 100% за тужителот како странец износ од 82.836,00 денари и судска такса за предметната жалба износ од 12.000,00 денари.

Поголемото барање на тужителот - противникот за разликата од бараниот износ од 679.808,00 денари до досудениот со ова решение од 509.972,00 денари, овој суд го одби како неосновано. На противникот не му следуваат трошоци за состав на одговор на жалба на решение од 23.01.2023 година и судска такса за одговор на жалба и тоа согласно чл.371 од ЗПП, а исто така не му следуваат трошоци за поголема судска такса за изјавена жалба, имајќи ја предвид приложената уплатница во списите на предметот која е на износ од 12.000,00 денари.

Согласно изнесеното, барање за надомест на трошоци за одговор на жалба од предлагачот, се одбива како неосновано.

Апелационен суд Скопје ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 година.

Претседател на совет-судија,
Афродита Шеху Асани с.р.

Република Северна Македонија АПЕЛАЦИОНЕН СУД Скопје
Согласноста на преводот со изворникот ја потврдува
Судски службеник